# Е-ИНФО 51




## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД
Јули, Август и Септември 2024

ПАКОМАК | PRO Europe

ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА






# 1 ПОСТАВЕНИ ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ ВО ОХРИД И СТРУГА

Поставивме 4 повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и лименки во Охрид и Струга како наши најголеми туристички центри кои ги посетуваат илјадници туристи годишно. Две повратни вендинг машини, по една во Охрид и Струга, се поставени во соработка со „Пивара Скопје" во рамки на платформата „Наша гордост. Наша одговорност" која што ги обединува напорите за општествено одговорно делување и заштита на животната средина.

Повратните вендинг машини во Охрид се наоѓаат во „Кам Маркет" во Т.Ц „Кам Вилиџ" и во „Тамаро Маркет" на ул „АСНОМ" бр. 21. Во Струга пак повратните вендинг машини се наоѓаат во „Кам Маркет" во „Генц Дуа Мол" и во „Маркет Миса" на ул. „Димитар Влахов".

Во овие маркети во текот на месец јули беа организирани промоции со цел запознавање и едуцирање на купувачите за начинот на функционирање на „Екомак" апликацијата и бенефитите од селектирањето. На овој начин се надеваме дека ќе помогнеме во намалувањето на амбалажниот отпад на улиците и плажите што ќе резултира со почисти и поубави туристички места.

## 2 „ПАКОМАК“ ГО ОРГАНИЗИРАШЕ ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ФЕСТИВАЛ „SOUND OF GREEN“

На 30 август, на две сцени во паркот на „Младинскиот културен центар“ и пред бифето на „МКЦ“ се одржа традиционалниот еко музички фестивал „Sound of Green“ со настапи од македонските изведувачи „Моира“ и Игор Џамбазов со Гуру Харе бенд и швајцарските изведувачи „Orphia“ и „Dj Alex Nantaya“.

Влезот на настанот беше со приложување на едно пластично шише, една лименка или преку инсталирана мобилна апликација „Екомак“. Првите 300 посетители со активирана апликација и најмалку 10 зелени поени добија специјално изненадување од „Пакомак“, односно пластична чаша за повторна употреба.

Пред музичкиот дел беше отворена изложбата „Чиста технологија – швајцарски решенија за предизвиците на денешницата“ како дел од одбележувањето на 30 години од воспоставувањето на дипломатски односи помеѓу Швајцарија и Северна Македонија. На отворањето на изложбата свои говори имаа и швајцарската амбасадорка Вероник Улман и извршниот директор на „Пакомак“, Филип Ивановски.

Настанот беше поддржан од Амбасадата на Швајцарија во Република Северна Македонија, „Макстил“, „Универзитет Скопје“ и „МКЦ“.







## 3 „ПАКОМАК“ ЈА ЗГОЛЕМУВА ПОДДРШКАТА ЗА „СОС ДЕТСКО СЕЛО“

На крајот на годината, „Пакомак“ ќе ги удвои зелените поени кои корисниците на повратните вендинг машини ќе ги соберат и донираат на оваа установа.

Досега, граѓаните кои ја користат апликацијата „Екомак“ и нашите повратни вендинг машини веќе донеле впечатливи 96.000 зелени поени на „СОС Детско село“. Оваа количина е еквивалентна на рециклирање на 96.000 пластични шишиња и лименки, што значително придонесува за намалување на отпадот и заштита на животната средина.

Со удвојувањето на донацијата, „Пакомак“ продолжува да поттикнува одговорно управување со отпадот и да ја помага важната работа на „СОС Детско село“.

## 4 ПРОМОЦИЈА НА „СКОПСКО“ СО ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Во периодот од 26 август до крајот на септември, „Пивара Скопје“ ги мотивираше купувачите на „Скопско“ пиво да ги одлагаат искористените амбалажи во повратните вендинг машини на „Пакомак“. Во рамките на оваа кампања, со секоја селектирана лименка или ПЕТ-амбалажа од производите на „Скопско“ и „Скопско Смут“ во повратните вендинг машини корисниците добиваа по 5 зелени поени на мобилната апликација „Екомак“.

Акцијата беше промовирана на социјалните мрежи преку профилите на „Пакомак“ и „Скопско“.







## 5 ПРОМОЦИЈА НА „КРИСТАЛ“ МАСЛО СО ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Пакомак“ и „Кристал“ започнаа еко акција од 1 август која ќе трае до крајот на годината. За секое селектирано пластично шише „Кристал“ сончогледово масло во повратните вендинг машини корисниците имаат можност да добијат 5 зелени поени на „Екомак“ апликација кои потоа може да ги искористат како вредносни ваучери за пазарување во маркетите.

Акцијата е споделувана и промовирана на социјалните мрежи на „Пакомак“ и „Кристал“.

# 6

## ПРОМОЦИЈА НА „ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА“ СО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

„Затвори го кругот, рециклирај за одржлива иднина!“ е слоганот на промотивната акција со која до крајот на годината со секоја рециклирана лименка од „Прилепска пиварница“ во повратните вендинг машини на „Пакомак“ се добиваат 5 зелени поени на „Екомак“ апликацијата.
Акцијата е промовирана на социјалните медиуми на „Пакомак“ и „Прилепска пиварница“ како и на екраните на повратните вендинг машини.







# 7

## „ПАКОМАК“ НА ПРОСЛАВАТА ПО ПОВОД 100 ГОДИНИ „ПРИЛЕПСКА ПИВАРНИЦА“

На 13 јули во центарот на Прилеп со голем концерт и настапите на „ДНК“, „Тропико Бенд“ и Марија Шерифовиќ се одбележаа 100 години од постоењето на „Прилепска Пиварница“. На роденденскиот настан „Пакомак“ беше присутен со брендинг, промо пулт и макети од повратните вендинг машини на кои ги информиравме посетителите преку флаери за тоа каде се поставени ПВМ во Прилеп и како можат да се користат. Големо внимание кај најмладите привлекоа поставените кошеви на кои имаа можност да селектираат пластични шишиња и лименки.









8

## „ПАКОМАК“ НА ПРОСЛАВАТА ПО ПОВОД 100 ГОДИНИ „СКОПСКО“

„Пакомак“ беше присутен на роденденската прослава по повод 100 години „Скопско“ која се одржа на 21 септември во Градскиот парк во Скопје каде поставивме макети од повратните вендинг машини на кои ги информиравме и едуциравме посетителите за нивно користење и бенефитите за сите нас од селектирањето и рециклирањето на амбалажниот отпад. Дополнително најмладите присутни на настанот имаа можност да селектираат пластични шишиња и лименки во поставените „кошаркарски“ канти.

9

## ИКО БРДАРОСКИ ГОСТУВАШЕ ВО ПОТКАСТОТ „YES FOR LESS“

Ико Брдароски, заменик извршниот директор на „Пакомак“ гостуваше во еко поткастот „Yes for Less“ каде разговараше за важноста на Законот за проширена одговорност на производителите на амбалажен отпад, ја објасни улогата и обврските на „Пакомак“ во контекст на процесот на селектирање и рециклирање на отпад во нашата земја и ги презентираше идните планови за поставување нови контејнери, што е дел од стратегијата за подобрување на инфраструктурата за собирање и обработка на отпад.

Целиот поткаст може да се изгледа на следниов линк:
https://www.youtube.com/watch?v=WONin8dH-zY

**10**

## ЦИРКУЛАРНА ЕКОНОМИЈА – НОВ СТОЛБ НА МАРКЕТИНГ-СТРАТЕГИИТЕ

Извршниот директор на „Пакомак“ и универзитетски професор Филип Ивановски беше гостин воведничар во септемврискoто издание на „ИнСторе“ магазинот каде што ги запозна читателите со темата за циркуларната економија како нов столб на маркетинг стратегиите и како сите компании треба да тежнеат нивните производи да се наменети за повеќекратна употреба, да траат долго и да се лесни и евтини за поправка.

Целиот текст е достапен на следниот линк:
https://instore.mk/record/34/16081/cirkularna-ekonomija---nov-stolb-na-marketing-strategiite


Циркуларна економија – нов столб на маркетинг-стратегиите

**11**

## ТЕЛЕВИЗИСКИ ГОСТУВАЊА

Заменик извршниот директор на „Пакомак“ Ико Бдароски гостуваше во утринската програма на МРТ каде што ги советуваше гледачите за тоа „Како да го селектираме отпадот во лето?“ и на Алфа телевизија каде што разговараше на темата за „Еко зони за позелена иднина“.

Двете гостувања можете во целост да ги погледнете на YouTube каналот на „Пакомак“:
https://www.youtube.com/@PakomakMKD/videos



## 12 ПОСТАВЕНА ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА ВО ВЕЛЕС

И оваа година, „Пакомак“ беше еден од главните поддржувачи на културната манифестација „Глумците Пеат“. На настанот кој што се одржа во Националната опера и балет, поставивме канти за селекција на отпад, ги едуциравме посетителите за повратните вендинг машини и нивното користење, а сите посетители кои што ги селектираа своите пластични шишиња добија подарок, пластична чаша за повторна употреба.







## 13 „ПАКОМАК“ СО ПОДДРШКА ЗА „ВЕРТИКАЛНАТА ГРАДИНА НА ЕЗО“

Учениците, членови на еколошката заедница од СУГС „Орце Николов“ од Скопје испланираа поставување на вертикална градина во дворот на училиштето. „Пакомак“ со гордост ја поддржа реализацијата на овој проект, со надеж дека се повеќе млади луѓе активно ќе се вклучуваат во реализација на еко проекти во своите средини.




## 15

## ЗАЕДНО СО „АЛКАЛОИД“ КОН ПОЗЕЛЕНА ИДНИНА

Во месец август ја започнавме соработката со нашата најголема фармацевтска компанија „Алкалоид“ со кои заедно се стремиме кон позелена и поздрава иднина. Ова партнерство претставува значаен чекор напред кон создавање на одржливи решенија со цел поттикнување здрав начин на живот и одржливи практики кои се фокусираат на здравјето на луѓето и зачувување на животната средина.




## 14

## ЗАПОЧНАТА СОРАБОТКА СО „УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ“

Започнавме партнерство со „Универзитет Скопје“ кои што се посветуваат на едукација која ќе ги инспирира студентите да се грижат за природата и животната средина, бидејќи ова е основата за создавање одржлив свет. Мило ни е што универзитетот го поддржа и нашиот традиционален еко настан „Sound of Green“ каде што беа присутни и со свој промотивен штанд.




16

## СОРАБОТКА СО „ИНФИНИТИ ТРАВЕЛ“

Во месец Јули, „Пакомак“ и „Инфинити Травел“ објавија партнерство кое има за цел да ги открие прекрасните дестинации со посебен акцент на зачувување на природата. Оваа соработка се фокусира на одговорниот и одржлив туризам, пренесувајќи порака за патување со внимание на околината. Целта е да се поттикне селекција на амбалажниот отпад и заштита на природата за идните генерации.

17

## „ПАКОМАК“ НА 13-ТАТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Во периодот од 20 до 22 септември, на Економскиот факултет во Прилеп се одржа 13-тата Меѓународна научна конференција на тема: „Economy, Business & Society in Digitalized Environment 2024“, којашто опфаќаше теми поврзани со дигиталната трансформација на економијата и бизнисот. „Пакомак“ беше присутен на овој настан и за сите присутни обезбеди брендирани платнени торби.






# 18

## „СКОПСКО“ НАСТАН НА ГРАДИШТЕ

На 10 август на плажа „Кил“ во Градиште се одржа специјален настан организиран од „Скопско“ а поддржан и од „Пакомак“. Гостите уживаа во одлична забава и интересни активности и со селектирање на лименките од „Скопско“ на обележаните места на плажата, учесниците имаа шанса да освојат привлечни награди, вклучувајќи капа, маичка или пиво, додека сите нови корисници на „Екомак“ апликацијата од „Пакомак“ добија бонус 300 зелени поени за добредојде.

# 19

## ЕКО-АКЦИЈА НА ПОПОВА ШАПКА

Љубовта кон планината, значи и грижа за неа. Во рамки на „ПроШарај“ настанот кој оваа година се организираше на 24 и 25 август на Попова Шапка беше одржана и еко-акција поддржана од „Пакомак“ и „Пивара Скопје“ за расчистување на лесно пристапните делови во околината на настанот.

